04-65/13

16.01.2024

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23), член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), а во врска со член 5 став 1, член 6 став 1, член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Одлуката за потреба од вработување бр.04-1687/1 од 26.12.2023 година, Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-65/5 од 15.01.2024 година и Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-65/6 од 16.01.2024 година, како и јавниот оглас бр.01/2023 за вработување на неопределено време на 7 (седум) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавен на ден 27.12.2023 година, во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха", Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување**

1. Од пријавените кандидати по јавниот оглас број 01/2023, објавен на ден 27.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха", за засновање на работен однос на неопределено време во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на работно место Самостоен администратор за односи со корисници во Одделение за односи со корисници во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место: ТИРЗ Прилеп) – Шифра ТИР0405Б04002 ________1 (еден) извршител – Албанец (ка), се избира кандидатот Анета Коруноска од Прилеп.

2. Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен согласно Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, бр.01-894/5 од 02.11.2023 година и бр.01-894/8 од 06.12.2023, а врз основа на спроведена администратвна селекција и спроведено интервју, од што е утврдено дека избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови.

3. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на одлуката, за што ќе се склучи договор за вработување.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Врз основа на Одлуката за потреба за вработување бр.04-1687/1 од 26.12.2023 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 27.12.2023 година во дневните весници "Нова Македонија" и „Коха", објави јавен оглас број 01/2023 за вработување на неопределено време на 7 (седум) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, меѓу кои и 1 извршител – Албанец (ка) на работното место Самостоен администратор за односи со корисници во Одделение за односи со корисници во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место: ТИРЗ Прилеп) – Шифра ТИР0405Б04002.

Комисијата ги разгледа доставените пријави за што состави Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-65/5 од 15.01.2024 година, потоа спроведе интервју за што состави Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-65/6 од 16.01.2024 година, врз основа на што Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе Одлуката како во диспозитивот.

Директор
Јован Деспотовски

______________________

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена до Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од денот на приемот на одлуката.

Изработил: Благородна Трајковска
Одобрил: Ирена К. Стојанова